----Оригинална порака-----
**Од:** info@evn.mk
**Датум:** 27.5.2025 09:23:04
**Наслов:** Re: #CPM:3329588 БАРАЊЕ ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИ СОГЛАСНО ТАРИФНИОТ СИСТЕМ
**To:** contact@inzenerinarm.org

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за информации, во продолжение на овој допис Ве известуваме за следното:

- Во однос на податоците кои ги барате согласно одредбите од Тарифниот систем за продажба на електрична енергија на потрошувачите кои ги снабдува универзалниот снабдувач и снабдувачот во краен случај Бр. 01-2437/1 од 17 ноември 2023 година (во понатамошниот текст Тарифен систем), односно:

 - Финансиските извештаи за 2023 и 2024 година, заедно со сите прилози изготвени согласно барањата на  меѓународните сметководствени стандарди, и ревидирани од страна на овластен ревизор;
 - Бруто билансите за 2023 и 2024 година;
 - Финансиско-сметководствени информации кои ги имате доставено до Регулаторната комисија за енергетика за 2023 и 2024 година,
 - Податоците за набавена електрична енергија, како и податоци за планирана набавка на електрична енергија за 2023, 2024 и 2025 година;
- Податоците за бројот на домаќинства и мали потрошувачи вклучувајќи и ја нивната потрошувачка во последните 12 месеци од 2023, 2024 и 2025 година;

Ве известуваме дека обврската за Универзалниот снабдувач е да ги достави овие податоци до Регулаторната комисија за енергетика, во електронска форма во формат што овозможува обработка од страна на Регулаторната комисија за енергетика. Согласно таа обврска, Ве известуваме дека овие податоци се доставени до Регулаторната комисија за енергетика.

- Во однос на Вашите дополнителни барања:

  - Предлог Одлуките беа објавени соодветно на обврската која произлегува од Тарифниот систем, со  образложение за начинот на формирање на продажните цени вклучително и податоците врз основа на кои  е направена пресметката; за објавените Предлог Одлуки, Универзалниот снабдувач не доби мислења  и

предлози од заинтересираните правни и физички лица, по што согласно Тарифниот систем, пристапи кон донесување на одлука за формирање на продажни цени за електрична енергија;

- Одлуките за формирање на продажни цени, заедно со образложение на истите, се објавени на интернет страната на следниот линк: https://www.evn.mk/AboutUs/Regulation.aspx,

- Согласно Тарифниот систем доколку Регулаторната комисија за енергетика утврди дека со одлуката за формирање на продажни цени за електрична енергија не е применет овој тарифен систем, има право да донесе одлука со која го обврзува универзалниот снабдувач да донесе нова одлука за продажни цени усогласени со тарифниот систем.

Со почит,

Оддел за односи со корисници
ЕВН
ул. „Лазар Личеноски“ бр. 11, 1000 Скопје
www.evn.mk

**Користете ја енергијата разумно: помислете на животната средина пред да ја испечатите оваа електронска порака.**